РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-899/6
16-09-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ---------- на третото продолжение на 38-та седница одржана на 14.09.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-899/1 од 06.02.2020 година оформен по пријава од подносителот ----------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-899/1 од 06.02.2020 година, поради тоа што постапиле и постапуваат други надлежни органи (Основното јавно обвинителство Штип и Судски совет на Република Северна Македонија) кои во рамките на своите надлежности преземаат процесни дејствија согласно закон со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај и донесување на соодветна одлука.

Предметот со број 12-899/1 од 06.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-899/1 од 06.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -----------------.

Во пријавата се наведуваат наводи за сомневање на незаконитости и неправилности во постапувањето на судијата ---------------, судија во Основен суд -------, кој во својство на Претседател на Советот во постапката по предметот П-4 бр. 40/14 заведен пред Основен суд Штип по тужба на тужителот -------------- против тужените ---------- и Трговско друштво за трговија, производство и услуги --------ДОО увоз извоз -------- за надомест на долг вредност на спорот 1.915.458 евра.

Државната комисија за спречување на корупцијата беше известена дека претставка со исти или слични наводи за сомневање за незаконитости и неправилности поврзани со постапувањето на судијата -------------, судија во Основен суд ----------, кој во својство на Претседател на Советот во постапката по предметот П-4 бр. 40/14 заведен пред Основен суд Штип е доставена и до Судскиот совет на Република Северна Македонија и со Основното јавно обвинителство Штип.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-899/2 и со број 12-899/3, двете од 07.07.2020 година со кое побара од Основното јавно обвинителство Штип и Судски совет на Република Северна Македонија, да достават информација, секој во својот домен, дали постапувале по поднесената пријава, дали ја утврдиле фактичката состојба во конкретниот предмет и кој е исходот на нивното постапување.

Од Основното јавно обвинителство Штип и Судски совет на Република Северна Македонија во законски утврдениот рок беа доставени одговори по барањето на ДКСК.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и прибавените податоци од други надлежни институции, при што го утврди следното:

- На 20.03.2020 година во Основното јавно обвинителство е доставена кривична пријава поднесена од -------------------- за кривични дела Поднесување лажни докази од чл. 366-а од КЗ, Давање лажен исказ од чл. 367 од КЗ, Противзаконито посредување од чл. 359 ст.2 од КЗ и Злоупотреба на службена положба и овластување од чл. 353 ст.3 од КЗ. На. 15.04.2020 година,заради донесување на јавнообвинителска одлука, од Основен суд Штип, бил побаран на увид предметот П4 бр. 40/14, на кој се однесуваат наводите во предметната кривична пријава. На 11.05.2020 година од Основен суд Штип е доставен одговор дека конкретниот предмет на 24.10.2019 година се наоѓал на надлежно постапување и одлучување во Врховниот суд на РСМ каде бил доставен заради одлучување по поднесен вонреден правен лек. На 09.07.2020 година повторно истиот предмет бил побаран на увид, но утврдено е дека сеуште предметот не бил вратен од Врховниот суд на РСМ.
- По поднесената претставка од лицето ------------------ во Судскиот совет на РСМ е заведен предмет под УПП бр. 08-75/1 , истата е земена во работа и преземени се дејствија за проверка на наводите содржани во пријавата. Постапувањето на Судскиот совет на РСМ по истата е во тек.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека постапиле и постапуваат други надлежни органи (Основното јавно обвинителство Штип и Судски совет на Република Северна Македонија) кои во рамките на своите надлежности преземаат процесни дејствија согласно закон со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај и донесување на соодветна одлука, поради што елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**